„Големи гревови се: придружување на друг на Аллах (ширк), непослушност кон родителите, бесправното убиство и лажната заклетва (кривоклетство).“

Од Абдуллах ибн Амр ибн ел-Ас, радијаллаху анхума, се пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Големи гревови се: придружување на друг на Аллах (ширк), непослушност кон родителите, бесправното убиство и лажната заклетва (кривоклетство).“
[صحيح] [رواه البخاري]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги објаснува големите гревови, а тоа се оние гревови за кои на извршителот му се заканува со строга закана, било на овој свет било на идниот свет. Првиот голем грев е „придружување на друг со Аллах (ширк)“: тоа значи насочување на кој било вид ибадет кон некој друг освен Аллах, или изедначување на некого со Аллах во она што е специфично само за Него, во Неговиот „Улухиј̣ј̣ет“ (божественост), „Рубубиј̣ј̣ет“ (господарство), и во Неговите имиња и својства. Вториот голем грев е „непослушноста кон родителите“: тоа опфаќа сè што предизвикува навреда или болка на родителите, било со зборови или дела, како и занемарување на должноста за добротворство и грижа кон нив. Третиот голем грев е „бесправното убиство“: без оправдана причина, како што е убивање како резултат на неправда или агресија. Четврт голем грев е „лажната заклетва (кривоклетството)“: тоа е намерно лажно заколнување, каде личноста свесно лаже. Оваа клетва се нарекува така (Ел-Гамус-потопување) затоа што го „потопува“ извршителот во грев или во ҷехенемскиот Оган.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3044